**Известување за концентрација со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над АДДИКО БАНК АГ Виена Австрија (предмет бр. 08-93/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 21.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне самостојна контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100 Виена Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.** следи универзален банкарски модел кој опфаќа малопродажно, корпоративно и инвестициско банкарство, како и управување со средства, банкарско осигурување и лизинг. НЛБ е водечка банка во Словенија со, според Народната Банка на Словенија, 33,1% пазарен удел (според вкупниот биланс на состојба) на 31 декември 2025 година. НЛБ е исто така најголемата финансиска групација, мерено според средствата, со седиште во нејзиниот матичен регион на Југоисточна Европа во земјите од поранешна Југославија.

НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА работи на голем број стратешки странски пазари и моментално има банкарски операции во пет други земји, имено Босна и Херцеговина (каде работи преку две банки, една во Федерацијата и една во Република Српска), Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија. Во секоја од овие земји, групацијата НЛБ има силна пазарна позиција со пазарни удели (мерени според средствата) што надминуваат приближно 10%. Покрај тоа, НЛБ работи со подружници за инвестициско/управување со средства и лизинг на овие пазари, како и во Хрватска преку Мобил Лизинг, Загреб.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

-НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,

-Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и

-Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ ФОНДОВИ АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

**Аддико Групата** е специјализирана банкарска групација која се фокусира на обезбедување банкарски производи и услуги за потрошувачите и малите и средни претпријатија (МСП) во Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ). Групацијата се состои од АДДИКО БАНК АГ, целосно лиценцирана австриска матична банка регистрирана во Виена, Австрија, котирана на Виенската берза и надгледувана од австрискиот финансиски пазар и од Европската централна банка, како и шест банки-ќерки, регистрирани, лиценцирана кои работат во пет земји од ЦИЕ: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина (каде што работи преку две банки), Србија и Црна Гора.

Аддико Групата нема поврзани друштва, ниту пак има остварено приход во 2025 година на пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.05.2026 година
Скопје